Предметни програми со информации согласно со членот 4 од Правилникот за содржина на студиските програми (“Службен весник на Република Македонија”, бр.79/2023)

Ред.број:61

Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	Форми на пренос на знаење			
2.	Код	ФЗНХ 246			
3.	Студиска програма	Дигитално земјоделство			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Прв циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	IV (четврта)	семестар	VIII (осми)
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Ана Симоновска (одговорен наставник) Проф. д-р Драган Ѓошевски Проф. д-р Емељ Туна			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Претходни општи предзнаења од областа на агроекономиката и земјоделско-прехранбениот систем.			
11.	Цели на предметната	Предметот има за цел да ги воведе студентите во			

	програма (компетенции) и резултати од учењето:	различните форми на пренос на знаењето во земјоделско-прехранбениот систем, како составен дел од Системот за пренос на знаење и иновации во земјоделството (АКИС).
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	Содржина на предметната програма: ДЕЛ 1: Систем за пренос на знаење и иновации во земјоделството (АКИС) 15. Вовед во системот за пренос на знаење и иновации во земјоделството (АКИС) и неговото значење за развојот на земјоделско-прехранбениот систем Резултати: Студентите ќе се запознаат со суштината и значењето на системот за пренос на знаење и иновации во земјоделството (АКИС). 16. Учесници во АКИС и релации помеѓу учесниците Студентите ќе стекнат знаење и компентенции да ги препознаваат и анализираат различните учесници во АКИС и нивните меѓусебни релации, преку различни примери од ефикасни и неефикасни системи во Европа и светот, за да можат да го сфатат и применат концептот при трансферот на знаење, технологии и иновации во дигиталното земјоделство. 17. Улогата на советодавните услуги во АКИС Студентите ќе се запознаат со улогата на советодавните услуги во земјоделството и руралниот развој, преку различни примери од воспоставени советодавни системи, за да можат да ја сфатат улогата на советодавниот систем, но и професијата „советодавец“ при трансферот на знаење, технологии и иновации во дигиталното земјоделство. 18. Мрежи во преносот на знаење и иновации Резултати: Студентите ќе стекнат познавања за видот и квалитетот на општествените структури во кои е вграден социјалниот капитал, како и за протокот на информации и знаење кои го фаворизираат преносот на знаење и дисперзирањето и усвојувањето на иновации во руралните средини. ДЕЛ 2: Методи на пренос на знаење 1. Вештини при пренос на знаење Резултати: Студентите ќе се запознаат со дидактиката, вклучително и различните видови на вештини и техники што се потребни при преносот на знаењето („меки“ и „тврди“ вештини). 2. Методи на пренос на знаење во училница Резултати: Студентите ќе се стекнат со вештини при примена на различни методи во училница за пренос на знаењето коишто ќе им бидат потребни во праксата во областа на дигиталното земјоделство. 3. Методи на пренос на знаење на терен Резултати: Студентите ќе се стекнат со вештини при примена на различни методи на терен за пренос на

		знаењето коишто ќе им бидат потребни во праксата во областа на дигиталното земјоделство. ДЕЛ 3: Методи на пренос на иновации 1. Вовед во спиралата на иновирање Резултати: Студентите ќе се запознаат со процесот на иновирање во дигиталното земјоделство преку спиралата на иновирање. 2. Детектирање на фазата на иновацијата Резултати: Студентите ќе се стекнат со знаење и компетенции за процесот на иновирање преку обработка на различни студии на случај во секоја фаза на иновацијата со цел да се воведат во процесот на создавање иновации во областа на дигиталното земјоделство. 3. Форми за пренос и дисеминација на иновацијата Резултати: Студентите ќе се запознаат со различните форми на пренос и дисеминација на иновацијата и ќе се стекнат со вештини и компетенции при примена на различни методи за пренос на иновацијата коишто ќе им бидат потребни во праксата во областа на дигиталното земјоделство.		
13	Заемна поврзаност на предметите	Овој предмет е поврзан со предметот Агропретприемништво и иновации што се одржува на другите студиски програми на ФЗНХ во четврта година, осми семестар.		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Предавањата и вежбите ќе бидат поддржани со компјутерски и видео презентации, ќе се практикуваат современи методи на пренос на знаењето преку интерактивно и искуствено учење (симулации, игри, вежби, структурирани дискусии, квизови, итн.), ќе се поддржува изработка на групни семинарски работи, обработка на студии на случај, консултации, гостин на предавањата, теренска посета, одбрана на проектна задача итн.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	6 ЕКТС x 30 часови = 180 часови		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	45
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	30
		16.3.	Пракса: часови	15
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	20
		17.2.	Самостојни задачи: часови	20
		17.3.	Домашно учење – задачи	50
18	Услови за потпис	Редовно следење на настава		
19	Начин на оценување			
	19.1.	Тестови: бодови		60
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови		20
	19.3.	Завршен испит: бодови		20

20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)			до 50 бода	5 (пет) (F)
				51 х до 60 бода	6 (шест) (E)
				61 х до 70 бода	7 (седум) (D)
				од 71 до 80 бода	8 (осум) (C)
				од 81 до 90 бода	9 (девет) (B)
				од 91 до 100 бода	10 (десет) (A)
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата			Анонимна анкета на студентите	
22.	Литература				
	22.1.	Задолжителна литература			
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Carayannis, EG. (уредник)	**Innovation, technology, and knowledge management.**	Springer Nature Switzerland AG	2017
		2.	Васерман С. и Фауст К.	Анализа на општествени мрежи - Методи и примена.	Академска книга/превод (Cambridge University Press).	2009
		3.	Станковиќ, М., Станковиќ, Б.	Трансфер на технологии во Република Македонија: препораки за успешни јавни политики	Скопје: Државен завод за индустриска сопственост	2013
	22.2.	Дополнителна литература			
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Интернет материјали	ЕУ политика за АКИС и примери од другите земји.	ЕУ и други меѓународни организации	-
		2.	Leeuwis, C., van den Ban, A.	Communication for rural innovation: Rethinking agricultural extension	John Wiley & Sons.	2013
		3.	Kadushin, Ch.	Understanding Social Networks - Theories, Concepts, and Findings.	Oxford University Press.	2012